МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. УП1-11/3-1362/2019 од 24-03-2020 год.

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11год.), а согласно членовите 95 и 96 а во врска со член 108 од Законот за животна средина ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15,129/15,192/15,39/16,28/18,65/18 и 99/18), постапувајќи по барањето за измена на А-интегрирана еколошка дозвола од Друштво за рециклирање на хартија и остатоци од хартија „ПЕЈПАР МИЛ" ДОО Кочани бр. уп1-11/3 - 1362/2019 од 23.09.2019 год., како и Записникот од завршен увид од 14.02.2020 год,

Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

# РЕШЕНИЕ

## За издавање на измена на А – Интегрирана еколошка дозвола

1.Се донесува решение за издавање на А- Интегрирана еколошка дозвола за **Друштво за рециклирање на хартија и остатоци од хартија „ПЕЈПАР МИЛ" ДОО Кочани,** по целосно спроведување на процедурата.

2.Се задолжува операторот **Друштво за рециклирање на хартија и остатоци од хартија „ПЕЈПАР МИЛ" ДОО Кочани,** да постапува во согласност со условите и обврските димензионирани во дозволата.

3.Се задолжува операторот, редовно да го известува надлежниот орган за секоја промена, настаната хаварија од работата на инсталацијата која може да има влијание врз здравјето на луѓето и животната средина.

## Образложение

Правниот субјект **Друштво за рециклирање на хартија и остатоци од хартија „ПЕЈПАР МИЛ" ДОО Кочани,** до Министерство за животна средина и просторно планирање достави барање за измена на А – Интегрирана еколошка дозвола,бр. уп1-11/3 - 1362/2019 од 23.09.2019 год. Согласно член 95 а во врска со член 108 и член 116 од Законот за животна средина, за операторот **Друштво за рециклирање на хартија и остатоци од хартија „ПЕЈПАР МИЛ" ДОО Кочани,** по целосно спроведената процедура и спроведениот увид во инсталацијата за утврдување на фактичката состојба од 14.02.2020год, се издава Измена на А – Интегрираната еколошка дозвола, поради што се носи ова решение во кое се наведуваат условите за работа на инсталацијата.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатсво за правното средство:** Против ова решение може да се изјави жалба во износ од 250,00 денари упатени на жиро смека 840*** ** ** ** во готови пари до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од објавување на решението во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија.

**Министер**
**Naser Nuredini**

Изработил: Свето Василески
Контролирал: Fatos Balliu
Согласен: Nazim Aliti
Одобрил:Xhezmi Saliu
Директор на Управа за животна средина